19117.

117100



# Монументалност на изгравираните форми

**• Кон изложбата на Марија Боними во Музејот на современа уметност**

Нада ПЕШЕВА

На изложбата во Музејот на современата уметност, Марија Боними се претстави со 20- тината графики настанати во периодот помеѓу 1960-1965. Таа е една од водечките бразилски графичарки актуелна во шеесеттите и седумдесеттите години. Во текот на целиот творечки период таа му останува верна на геометризмот, движејќи се притоа од монументалност на изразот со минимализација на формата, до расчленување и разбивање на формата на полно геометриски слики според принципите на фрактализмот. Фрактализмот е движење, начин на размислување прифатен од група на интернационални уметници, поголемиот број бразилски и италијански.

Графиките добро комуницираа со просторот, а тоа влијаеше врз перцепцијата на истите од страна на гледачот, па оттука и позитивната оценка за поставката. Графиките, инаку, се изработени во духот на шеесеттите, но и покрај тоа тие ја имаат задржано актуелноста на изразот до ден денес. Во нив може да се воочи редуцирање на формата и стремење кон чисти, геометризирани површини. Во графиките на Боними преовладува тежнението на централна поставеност на сликовниот запис. Површините се линеаризирани, еднополошто поставени, често пати една врз друга, при што доаѓа до губење на третата димензија. Ова придонесува нејзините графики да наликуваат на плакати. Освен тоа, таа го пронаоѓа јазикот на концептот на современата гравура, со употребата на големи формати. Таа сака да го минимализира мотивот со што би и дала монументалност на изгравираната форма. За експресивноста на изразот придонесува и редуцирањето на колоритот на, речиси, монохроматски. На тој начин Боними си поигрува со белата површина на листот, создавајќи игра на формите во која бојата игра улога на придружничка. Графиките делуваат апстрактно геометриски, затоа што мотивот Боними го линеаризира сведувајќи го на игра на изгравирани површини, често пати расцепкани. При тоа, тој содржи во себе голем степен на асоцијативност на формата.

Со текот на времето Боними го проширува полето на интересирање во рамките на геометризираните форми и го прифаќа манифестот на Фрактализмот, заедно со четиринаесет други уметници и теоретичари. Дел од нив ја применуваат теоријата на фрактализмот во музиката, пишувањето поезија и проза, актерството, архитектурата и теоријата. Помеѓу членовите се наоѓа и Паоло Портогеси, беќе 10 години претседател на Венецијанското Биенале, архитект по вокација и истовремено и теоретичар. Фрактализмот не ја содржи во себе формата која математички е дефинирана како геометриска фигура создадена од константен предмет кој се повторува себе си во многите степени на редукција. Тоа е начин на размислување и восприемање на светот. Тоа е начин на разбирање, работење, живеење, размислување, реализирање и изразување на свеста. Тоа се места кои свеста не може да ги распознае и замисли. Фрактализмот во себе го обработува РЕДОТ што му припаѓа на ХАОСОТ.

Марија Боними и приоѓа на фракталната визуелизација и концепт длабоко, давајќи му значење како метод за постигнување непрекинат развој. Нејзините фрактални дрворези се базирани на постојани модуларни форми кои се повторуваат во различни скали, бои и текстури Нејзините композиции се базираат на принципот на фрагментација која ја генерира и зголемува визуелната динамика. Дрворезот останува како нејзина првична техника. Со текот на времето желбата за монументалност ја поттикнува да прави големи мурали. Освен тоа во моментов таа се испробува со бронзените и алуминиумските релјефи кои се во соогласност со јазикот на нејзините макро- гравури. Со тоа почнува да се оддалечува од бидимензионалното третирање на графиката, што го имаше пронајдено, внесувајќи ја притоа третата димензија во нејзината работа.